# Резиме

Во текот на периодичната посета на Северна Македонија во 2023 година, делегацијата на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ) го оцени постапувањето со лицата задржани во четири казнено-поправни установи, особено во затворот Идризово, како и во воспитно-поправниот дом за малолетници. Исто така, се испита и постапувањето и правните заштитни механизми што им се на располагање на лицата лишени од слобода од страна на полицијата, а се разгледа и делотворноста на истрагите за поплаките за наводно малтретирање на овие лица. Покрај ова, беше испитано и постапувањето со пациентите задржани во две психијатриски болници, како и на лицата сместени во установи за социјална заштита.

Делегацијата на КСТ одржа конструктивни консултации со премиерот и доби одлична соработка од властите во текот на посетата. Одлуката на властите да се согласат на автоматско објавување на извештаите и одговорите во иднина е исто така за поздравување. Сепак, КСТ забележува дека изостанува спроведување на неколку препораки од сферата на затворските реформи и, особено, во поглед на состојбите во затворот Идризово. КСТ ги повикува властите на Северна Македонија да ги спроведат овие препораки и да ја одбегнат потребата Комитетот да издаде јавна изјава.

**Установи под надлежност на Министерството за внатрешни работи**

Извештајот забележува дека многу лица наведуваат малтретирање од страна на полицијата. Наводите зборуваат за шлаканици, удари со тупаница или клоци, како и удари со палка и со кундак од оружје, нанесени на лицата во тек на апсењето или во време додека се на распит во канцеларијата на инспектор. Според КСТ, нема значително подобрување во однос на наодите од посетите во 2019 и 2020 година, и дадени се препораки да се усвои кохерентна стратегија за делотворно справување со оваа појава, како што се обука на полициските службеници за техники на мануелна контрола, потоа периодична дисеминација на пораки за нулта толеранција кон лошото постапување од страна на полициските раководители, и за подобрување на систематските лекарски прегледи на новопримените лица во притвор.

Проценката на ефективноста на истрагите за наводите на малтретирање од страна на полицијата, извршена од трипартитниот Надворешен механизам за контрола (НМК), покажува дека истиот има целосен потенцијал да прерасне во делотворен механизам за отчетност на полицијата. Сепак, во моментов, постои потреба и од целосно независна оценка на извештаите за употреба на сила изготвени од полицијата, и врз примената на поригорозни истражни мерки/техники. Властите на Северна Македонија треба да усвојат методологија за вршење истраги на ваквите случаи, во согласност со елементите изложени во овој извештај.

Потребни се натамошни подобрувања на системот на правни заштитни механизми за лицата лишени од слобода од страна на полицијата, особено во поглед на пристапот до адвокат, како и на понезависен и подоверлив пристап до лекар во периодот на задржување од полицијата, со цел да се обезбеди целосна усогласеност со стандардните оперативни процедури. Извештајот, исто така, повикува на подобрување на просториите за полициско задржување, особено оние надвор од Скопје, и за систематско обезбедување храна и вода за лицата задржани во полициски станици.

**Установи под надлежност на Министерството за правда**

На почетокот, Комитетот забележува дека на појавата на пренатрупаност на затворите може делотворно да се одговори преку политика на модулирање на бројот на осудени лица, наместо со уште една амнестија. Комитетот, исто така, го изразува своето гледиште дека спроведувањето на втората фаза на програмата за реконструкција на затворот Идризово,

финансирана главно преку заем од Банката за развој при Советот на Европа (Council of Europe Development Bank, CEB) е од клучна важност за стратешката реформа на целокупниот затворски систем, за што КСТ се залага долго време.

Делегацијата прими неколку наводи за физичко малтретирање на затвореници од страна на вработените, главно во КПУ Идризово, во вид на шлаканици, удари со тупаница и клоци. Извештајот, исто така, ја критикува практиката на продолжени и неопределено долги периоди во самица или издвојување на осудениците кои го прекршиле куќниот ред, особено во КПУ Идризово, каде лицата се сместени во ќелија со бедни услови, со нередовна достава на храна, и без понуден пристап до рекреација на отворено. Властите на Северна Македонија треба да ја прекинат ваквата практика. Состојбата со насилство меѓу осудениците е подобрена во затворот Скопје, но и натаму е сериозен проблем во КПУ Идризово, каде делегацијата забележа голем број инциденти, поткрепени со медицинска документација, особено во одделението наречено „Амбуланта". Коренитите причини за оваа појава и натаму се поврзани со пренатрупаноста, со хронично недоволниот број вработени, отсуството на системот за распоредување во ќелии, и корупцијата кај вработените. Треба да се изготви и да се применува стратегија за искоренување на оваа појава и да се обезбеди подобар надзор од страна на вработените, вклучително и преку видео-надзор.

Извештајот ги забележува обновените планови кои ги има воведено Управата за извршување на санкции (УИС) последниве години и заклучува дека материјалните услови за престој на лицата лишени од слобода се нешто подобрени, и дека напорите да се одржи определено минимално ниво на хигиена и одржување се видливи, особено во затворите во Скопје, Штип и Прилеп. Во затворот Идризово, и покрај неодамнешното реновирање на женското одделение, во остатокот од установата се забележуваат постојани недостатоци, како што се дотрајаните санитарни јазли, нечисти ѕидови што се ронат, нефункционално осветлување, присуството на глодари, немање постелнина и валкани душеци. Извештајот, исто така, ги критикува слабите хигиенски услови за осудeничките и за малолетниците во истражен затвор.

Во однос на режимот што се нуди во посетените установи, извештајот забележува дека, и покрај напорите вложени да се изработат специјални планови за третман на различните категории затворени лица, на осудениците сѐ уште ретко им се нудат осмислени активности. Притворениците во затвор Скопје исто така чмаат во своите ќелии подолго од 23 часа дневно, а состојбите со малолетниците и жените во истражен затвор и натаму предизвикуваат голема загриженост во аспект на штетните последици од ваквите ограничувања.

Напорите да се ангажираат 70 нови затворски службеници и да се отвори нов центар за обука се земени предвид, но, според КСТ, останува од клучна важност да се обезбеди дека повисоките раководители во затворите (односно директорите и нивните заменици) се именуваат на транспарентен, мериторен и деполитизиран начин. Борбата против корупцијата на вработените останува уште еден важен предизвик каде е остварен само скромен напредок, а мерките кои се за пофалба (како проектот за разузнавање во затворите) допрва треба да покажат резултати.

Во однос на обезбедувањето здравствена заштита за затворениците, извештајот забележува дека се чини дека Министерството за здравство ја прифаќа оваа задача со извесна воздржаност и дека, за жал, не се вработиле здравствени работници во затворите Идризово и Скопје. Во извештаите се истакнати проблемите со пристапот на затворениците до лекар во затворот Идризово, несоодветните медицински систематски прегледи при прием, тешкотиите со поврзувањето со болниците во заедницата и слабото менаџирање на затворениците кои имаат нарушувања со користење супстанции. Понатаму, треба да се зајакнат правните заштитни механизми во примената на дисциплинските постапки и да се воведе подобрен надзор над употребата на мерките на присилба, вклучително подобра обука за вработените. Исто така, постои потреба да се подобри правото на посета на затворениците.

Во Воспитно-поправниот дом Тетово (ВПД) КСТ увиде дека малолетните престапници се сместени во задоволителни услови и им се нуди осмислен режим на активности насочени кон

нивна реинтеграција во заедницата, од страна на група посветени професионалци. Сепак, извештајот критикува одредени својства на материјалните услови налик на затвор, како и фактот дека задолжителните образовни активности се суспендирани поради тоа што изостанува финансирање и во очекување да се усвои законодавство. КСТ исто така ја истакнува неопходноста да се ревидираат дозите и типовите психотропни лекови што се препишуваат на малолетните престапници, зашто се чини дека тие се целосно несоодветни.

**Психијатриски болници**

Бројни пациенти во психијатриските болници во Демир Хисар и во Скопје зборуваа позитивно за својата интеракција со вработените и за начинот на кој се постапува со нив. Сепак, увидено е дека неодамна дошло до меѓусебно насилство меѓу пациентите и напади против вработените во обете институции, со особено сериозна ситуација воочена на судското одделение на Психијатриската болница Скопје. Властите треба итно да се осврнат на ова прашање, вклучително и преку зголемување на бројноста на персонал и обуката за вработените.

Условите за живот во двете посетени психијатриски болници беа севкупно прифатливи во одделенијата што биле неодамна реновирани, а генерално слаби во нереновираните одделенија. Особено судското одделение е неодржувано, запоставено и понекогаш нехигиенско. Со мали исклучоци, собите и заедничките простории беа штури и безлични, и не нудеа личен простор што може да биде под клуч. Од позитивната страна, најголем дел од собите нудеа соодветна вентилација и добар пристап до природна светлина. Се повикуваат властите енергично да се зафатат со подобрување на условите за живот во психијатриските болници во Демир Хисар и Скопје, вклучително и преку изготвување и примена на План за одржување на објектот за сите болнички згради.

Во психијатриската болница во Демир Хисар, вработените се нафатиле да организираат одреден број активности за рехабилитација и рекреација. Сепак, во суштина само ограничен број пациенти можеше да ги ползува редовно. Во многу одделенија на Психијатриската болница Скопје, активности речиси и да не постојат. За жал, во ниту една од болниците на повеќето пациенти не им се нуди пристап на свеж воздух секој ден, со бележит исклучок на пациентите сместени на судските одделенија. Комитетот истакнува дека на сите пациенти треба да им биде дозволено да ползуваат терапевтски активности врз основа на мултидисциплинарен пристап, како и секојдневни рекреативни активности на отворено (со соодветна поддршка и/или надзор, доколку е потребно).

И натаму постои потреба да се зголеми бројот на вработени и обуката на вработените во обете болници, што бара властите итно да делуваат. Бројот на психијатри и одделенски персонал (сестри и болничари) мора да се зајакне.

За жал, специфичните препораки формулирани од КСТ во претходните извештаи, за користењето на мерките за фиксирање, во најголема мерка не се спроведени. Главен недостаток беше континуираната практика во Психијатриската болница Демир Хисар пациентите да се имобилизираат за кревет со метални синџири и катанци, што навистина може да претставува нечовечко и понижувачко постапување и мора веднаш да престане. Покрај ова, целосно е несоодветно тоа што, во обете болници, приватни лица за обезбедување без никаква специфична обука, се редовно повикувани да помагаат на здравствените работници во ставање под контрола на вознемирени пациенти.

Се покажа дека правните заштитни механизми на кои имаат право недоброволно хоспитализираните пациенти се целосно неделотворни во практиката. Бројните клучни препораки на КСТ не резултираа со опиплив напредок, што делумно се должи на тоа што судството не ја игра целосно својата улога. Во психијатриската болница во Демир Хисар, Комитетот утврди дека воопшто не се одржуваат седници за граѓански недоброволни хоспитализации, наспроти она што е посочено во записниците од седниците. Оваа процедура преставува грубо кршење на домашното законодавство, отворено непочитување на основните меѓународни стандарди на правдата, па оттука мора веднаш да се напушти.

Делегацијата откри дека неформално одделение за издвојување било неодамна воспоставено на судското одделение на Психијатриската болница Скопје. Функционирањето на ова одделение предизвика неколку сериозни причини за загриженост, вклучително и отсуство на јасни и експлицитни медицински причини за распоредување на ова одделение, отсуство на медицински надзор и на индивидуализирани терапевтски активности – вклучително пристап кон отворен простор. Исто така, на одделението отсуствува здравствен персонал, со што пациентите остануваат под надзор единствено на припадници на приватно обезбедување, кои немаат специфична обука. Комитетот смета дека ова продолжено издвојување, целосно лишено од психотерапевтски пристап не води кон воспоставување на терапевтско опкружување и е штетно за пациентите. Функционирањето на одделението треба да се ревидира, во светлина на бројните принципиелни насоки изложени од Комитетот.

**Специјален завод за лица со ментална попреченост во Демир Капија**

КСТ ги воочува напорите на Министерството за труд и социјална политика да продолжи со постепената имплементација на националната стратегија за деинституционализација на корисниците на институциите за социјална заштита. Преземените позитивни мерки се, меѓу другото, подготовка на нови единици за домување и дневни центри во заедницата. Сепак, капацитетот на овие објекти сѐ уште бара значително зајакнување за да се задоволат потребите од нега на целната популација.

Позитивно е тоа што спалните соби и заедничките простории во Одделенијата А и Б во Специјалниот завод Демир Капија нудеа генерално чисти и пристојни услови за живот, во уредно и донекаде персонализирано опкружување. Ова, сепак, не беше случај за жителите на Одделот Ц, на кои не им се понудени задоволителни услови. Комитетот ги охрабрува властите да ги удвојат своите напори за планираното префрлање на сите корисници на установата во новите објекти, во наредните неколку месеци, како што е најавено.

Психосоцијалните и рекреативните активности беа исклучително ограничени, особено за корисниците сместени на одделите Б и Ц. Иако поавтономните и поподвижните корисници можеа слободно да се движат во кругот на институцијата, пристапот кон отворен простор многу ретко, а можеби и никогаш, не се нуди на неподвижните корисници од одделот Б и повеќето корисници од одделот Ц. Личните планови за третман и рехабилитација соодветно се подготвени за корисниците кои се префрлаат во единиците за домување, но сѐ уште недостасуваа за другите корисници. Властите треба да се погрижат сите корисници да можат да ползуваат соодветен спектар активности (вклучително дневни активности на отворено), врз основа на индивидуализирани планови изготвени од мултидисциплинарен тим, со вклученост на корисниците.

Состојбата со бројноста на вработените е дополнително влошена од претходната посета на КСТ во 2019 година. Специјалниот завод во Демир Капија сѐ уште е без редовно вработен лекар, што резултира, меѓу другото, со критично несоодветно давање услуги од сферата на менталното здравје за корисниците. Понатаму, бидејќи само еден болничар е генерално присутен на секој од трите оддели, корисниците сместени во одделни крила на Оддел Ц се оставени беа постојан надзор, во ситуација што генерира сериозен ризик за нивната безбедност. Националните власти мора итно да постапат за да се погрижат соодветно да се задоволат потребите на корисниците за здравствена заштита, вклучително и така што ќе преземат решителни чекори за да одговорат на тешкотиите во ангажирањето вработени, ако е неопходно и преку прилагодување на нивоата на плата.

Конечно, нема индикации за прекумерно користење на средствата за рачно или механичко фиксирање на корисниците. Сепак, доста често се прибегнува кон хемиско фиксирање, како одговор на епизоди на вознемиреност или агресивност. Властите треба да преземат чекори да обезбедат дека сите начини на фиксирање се применуваат само кога ќе се исцрпат другите можности, и дека на вработените им е понудена соодветна обука за ова прашање, вклучително и за справување со предизвикувачко однесување и за техники на деескалација.